СЕМОС
едукација




**Биди оригинален.**
**Биди официјален.**
**Имаш 18-29 години?**

# УПАТСТВО „КАКО ДА АПЛИЦИРАШ ЗА ВАУЧЕР ОД ВЛАДА ДО 30.000 ДЕН.“

Семос Едукација

ДОЗНАЈ КАКО ДА ДОБИЕШ ВАУЧЕР ЗА ОБУКА ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РСМ, СОГЛАСНО УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВАУЧЕРИ НА МЛАДИ ЛИЦА ЗА ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ВЕШТИНИ ЗАРАДИ ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНАТА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БР.157/20)

**БИДИ ИНФОРМИРАН! НАЈВАЖНИ РАБОТИ ПРЕД ДА АПЛИЦИРАШ.**

## ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ВАУЧЕРОТ?

Ваучерот за обуки за дигитални вештини е наменет за лица:

- државјани на Република Северна Македонија
- кои до 13 јуни 2020 година не биле постари од 29 години и
- имаат завршено најмалку средно образование.

## КОЈА Е ВРЕДНОСТА НА ВАУЧЕРОТ?

Вредноста на ваучерот за обука покрива 50% од вкупниот износ на обуката која ќе ја одбереш кај Давателот на обука, но не повеќе 30.000 денари. Тоа значи дека треба да бидеш спремен да доплатиш за обуката.

Сценарио 1. Ако одбереш обука во износ од 12.000,00 ден., аплицираш за ваучер од 6.000,00 ден. а останатото сам го финансираш.
Сценарио 2. Ако одбереш обука во износ од 100.000,00 ден., аплицираш за ваучер од 30.000,00 ден. а останатото сам го финансираш.

## ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ВАУЧЕРИТЕ

- едно лице може да добие еден ваучер
- еден ваучер се користи целосно само за една обука
- ваучерот може да го искористи само лицето на чие име гласи ваучерот
- доколку за некоја од обуките има поголем интерес од пријавениот број на млади лица – потенцијални корисници на ваучери кај еден ист дaвател на обуки за дигитални вештини, предност ќе имаат првопријавените кандидати
- ваучери се издаваат се додека не се потрошат средствата предвидени за оваа мерка
- корисниците на ваучери за обуки за дигитални вештини можат да ги искористат издадените ваучери во период од 15 август 2020 година до 15 декември 2020, кај давателот на обуки за дигитални вештини (односно во овој период да ја започнат обуката).

## КАКО ДА ДОБИЕШ ВАУЧЕР ЗА ОБУКА?

1. Треба да бидеш регистриран во базата на даночни обврзници - физички лица на **Управата за јавни приходи (препорака веднаш)**

2. Треба да се регистрираш на Националниот портал за електронски услуги **Uslugi.gov.mk** со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои си веќе регистриран во УЈП **(препорака веднаш)**

3. Поднесуваш барање за ваучер преку **Uslugi.gov.mk**, каде ја наведуваш избраната обука за дигитални вештини. Кон барањето приложуваш доказ за завршено најмалку средно образование, односно скенирано во pdf формат: диплома за завршено средно образование, уверение за положени испити, диплома за завршено високо образование.
**(од 18 јули до 1 август)**

4. Министерството за образование и наука на РСМ го доставува ваучерот електронски до твојот кориснички профил на Uslugi.gov.mk.
**(5 дена после доставеното барање за ваучер)**

## НАЧИН НА РЕГИСТРАЦИЈА НА USLUGI.GOV.MK

# АКО ИМАШ РЕГИСТРИРАН ПРОФИЛ НА E-PDD.UJP.GOV.MK

Младите лица кои се регистрирани во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи можат да се регистрираат на Националниот портал за електронски услуги Uslugi.gov.mk со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои се регистрирани во УЈП.




**Проверката на идентитетот на младото лице** при регистрација на Uslugi.gov.mk се врши преку базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи, која веќе има извршено проверка и потврда на поврзаноста на физичкото лице со корисничкото име и лозинка.

По потврдувањето на идентитетот на младото лице на овој начин, лицето добива **автоматски генерирана потврда во електронска форма**. По извршената проверка на идентитетот на младото лице, за истото се создава кориснички профил на Порталот.

# АКО НЕМАШ РЕГИСТРИРАН ПРОФИЛ НА E-PDD.UJP.GOV.MK

Препорачуваме овој профил да го креираш порано и уште сега, за да бидеш спремен да аплицираш за ваучер веднаш штом ќе се објави Листата на обуки.

Младите лица потребно е да се регистрираат во базата на даночни обврзници-физички лица на Управата за јавни приходи. Регистрацијата се врши на следниот начин:

1. Се пополнува образецот на барањето за регистрација на нов корисник, достапен на следниот линк: https://e-pdd.ujp.gov.mk/ppf/register.seam




2. Пополнетото барање за регистрација ќе биде доставено на електронската адреса наведена во самиот образец, по што истото ќе треба да се испечати и да се поднесе во даночна канцеларија на УЈП, лично или преку полномошник.
3. По доставата на барањето во даночната канцеларија на УЈП, Управата го евидентира младото лице во базата на даночни обврзници-физички лица.
4. Откако младото лице ќе го заврши процесот на регистрација во УЈП на овој начин, може да креира свој кориснички профил на Uslugi.gov.mk со употреба на истото корисничко име и лозинка со кои се регистрирани во УЈП. (види ја претходната точка - За млади лица кои се регистрирани во базата на даночни обврзницифизички лица на Управата за јавни приходи)

# АКО НЕМАШ МОЖНОСТ ДА СЕ РЕГИСТРИРАШ НА USLUGI.GOV.MK ОД ОПРАВДАНИ ПРИЧИНИ

Доколку не е возможна регистрација на Uslugi.gov.mk, на еден од двата начини од претходните точки наведени погоре (пример: заради самоизолација, технички или системски проблеми), младото лице може да биде регистрирано на Uslugi.gov.mk на следниот начин:

1. Младото лице испраќа барање во форма на електронска порака на наменската електронска адреса obuki@mioa.gov.mk, со која управува Министерството за информатичко општество и администрација. Кон пораката задолжително треба да приложи скенирана лична карта или патна исправа и телефонски број за контакт.
2. Доколку барањето е комплетно, Министерството за информатичко општество и администрација спроведува постапка за автентикација на податоците на начин што му се јавува на младото лице на телефонскиот број за контакт со цел да ги потврди податоците од прилозите на електронската порака.
3. Откако ќе ја спроведе автентикацијата, Министерството за информатичко општество и администрација дава дополнителни насоки за физичка идентификација и регистрација на кориснички профил на Порталот, по што тоа може да поднесе барање за ваучер.
4. Со испраќањето на барањето во форма на електронска порака на наменската електронска адреса obuki@mioa.gov.mk се смета дека младото лице на Министерството за информатичко општество и администрација му дало согласност за обработка на неговите лични податоци.
5. Доколку кон пораката младото лице нема приложено скенирана лична карта или патна исправа и телефонски број за контакт, ќе се смета дека неговото барање не е комплетно. За некомплетните барање Министерството за информатичко општество и администрација нема да ја спроведе постапката за автентикација на податоците, односно нема спроведе чекори кон регистрација на кориснички профил на Порталот.
6. Собраните податоци на наменската електронска адреса obuki@mioa.gov.mk ќе бидат целосно избришани најдоцна до 31.01.2021 година, согласно Законот за заштита на личните податоци.

**НАПРАВИ ПРАВИЛЕН ИЗБОР.**
**ИЗБЕРИ ЈА ПОСАКУВАНАТА ОБУКА ОД ЛИСТАТА НА ОБУКИ**

## КОЈА ОБУКА МОЖАМ ДА ЈА ОДБЕРАМ?

Семос Едукација понуди 111 обуки во МОН на РСМ за различни целни групи, профили и интереси, со кои младите лица ќе можат да се стекнат со квалификација, доквалификација и преквалификација.
Согласно твојата платежна моќ, можеш да избереш:

- Академија
- Официјални обуки (пакет или поединечни обуки)

## КАДЕ МОЖАМ ДА ЈА ВИДАМ ЛИСТАТА НА ОБУКИ?

Листата на обуки ќе ја видите на сајтот на Семос Едукација.

НАПРАВИ ПРВ ИЗБОР НА ОБУКА со пополнување на следната ФОРМА. Ние ќе контактираме со тебе за подетални информации околу изборот на обуката и ќе ти дадеме корисни кариерни совети врз основа на твоите афинитети и планови за иднината.

Листата ќе биде објавена на 18 јули од страна на МОН на РСМ, на платформата Uslugi.gov.mk и тогаш ќе можеш да избереш една обука од Семос Едукација и да аплицираш за Ваучер преку платформата Uslugi.gov.mk.

Контакти на наши вработени за регистрација на uslugi.gov.mk

| | |
|---|---|
| Розе | 075/478-080 |
| Мими | 070/306-920 |
| Анета | 070/357-591 |
| Иван | 075/226-875 |
| Данијела | 076/224-475 |

Контакти на наши вработени за избор на обука:

| | |
|---|---|
| Ирена | 070/246-146 |
| Дијана | 070/349-030 |
| Цеко | 078/441-752 |
| Ангелина | 071/223-993 |
| Мирослав | 070/358-369 |
| Симона | 078/270-762 |

## ЗОШТО ДА ЈА ИЗБЕРЕШ СЕМОС ЕДУКАЦИЈА КАКО ДАВАТЕЛ НА ОБУКИ?

25 години
#СподелувамеЗнаење

25 години искуство во креирање и спроведување на обуки за млади лица и компании

Партнерства со: Министерство за образование и наука на РСМ | Microsoft | Cisco | Oracle | AWS | EC-Council | VMware| ISTQB | ITIL | SCRUM | Adobe | Autodesk | Unity | ISTQB | Python Institute

Тренери, предавачи и инструктори со долгогодишно наставно и практично искуство

Креираме професии на иднината кои се најбарани на пазарот на трудот

Квалификација, доквалификација и преквалификација за сите оние кои имаат цел и сакаат да бидат подобра верзија на себе.

Влез во Кариерниот Центар по завршување на обука, со кариерно советување и препорака за работа

Партнерска мрежа од најпознатите IT компании, институции, креативните индустрии, агенции...